**Општина Прилеп**

# Програма за еднакви можности

## Комисија за еднакви можности

2024 година

Февруари, 2024
Прилеп

# СОДРЖИНА


*Вовед* ........................................ 3

*Цели на делување* ........................................ 3

*Цели* ........................................ 4

*Форми на делување* ........................................ 4

*Начини на делување* ........................................ 5

*Активности* ........................................ 5

*Родово буџетирање* ........................................ 5

*Активности* ........................................ 6

*Резултати* ........................................ 6

*Забелешки* ........................................ 6

## Вовед

Во рамките на ЕЛС  општина Прилеп, во рамките на советот е предвидено функционирање на комисија за еднакви можности преку која треба да се третираат и решаваат проблемите на жените, но и на сите целни групи кои биле предмет на дискриминација во разни области.

Преку комисијата за еднакви можности се утврдуваат потребите на граѓаните и преку соодветни механизми на делување комисијата претставува корисна алка за создавање и имплементација на активностите кои што се составен дел од оваа комисија.Само преку еднаквост помеѓу мажите и жените се создава одржлив развој на едно општество и можност за еднакво учество на мажите и жените во сите општествени области.Оваа програма предвидува реализација на краткорочни активности кои ќе се реализираат во текот на оваа година.Наша појдовна точка е детектирање и согледување на потребите на нашите граѓани кои се предмет на оваа комисија.

## Цели на делување

Комисијата за еднакви можности третира прашања поврзани со жената од областа на родова дискриминација, но и на сите целни групи кои биле предмет на дискриминација во нашето општество. Целта на програмата за еднакви можности за 2024 година е да има зголемување на капацитетите на комисијата, мерење и анализи кои ги третираат родовите аспекти и нивно редовно публикување, воспоставување родовоодговорни процедури и механизми, зголемување на учество на жените и мажите во донесувањето одлуки во Општина Прилеп и јакнење на жени/мажи.

Комисијата има за цел да воспостави  еднаков третман на мажите и на жените.Родовата еднаквост е засегната со унапредување на социјалната,културната,политичката и економската рамноправност за сите.Жените го имаат истиот потенцијал како мажите и можат  со своите капацитети да придонесат кон зголемувањето на општествениот развој.

## Цели

- Соодветен третман и превенција од насилство врз жени или други членови жртви на семејно насилство
- Буџетирање на Општина Прилеп за Комисијата за еднакви можности
- Поттикнување на концептот за учество на сите мажи и жени во сите сфери во општеството
- Посебно внимание на граѓани со психо-физички нарушувања и деца со попречености
- Промоција на можности, настани и семинари кои ќе го подобрат квалитетот на живот на одредени поединци
- Соработка на Комисијата за еднакви можности со државни институции, вклучувајќи ги основните и средните училишта
- Спречување  дискриминација во сите области
- Поттикнување на женско претприемништво
- Промоција на успешни претприемачки
- Зголемена информираност на жените од руралните средини и вклучување во соодветни активности
- Работилници и лобирање за поголема застапеност на женитете во политиката
- Подигање на јавна свест за превенција и заштита од болести
- Реализирање на вон-наставни активности
- Промоција на женски спортови
- Едукативни работилници против булинг во училиштата

## Форми на делување

- Организирање семинари и настани
- Обуки
- Медумска информираност
- Работилници
- Проекти
- Дебати
- Определени активности
- Делење флаери, прирачници и промоции
- Трибини
- Мобилизирање на граѓани со ист проблем
- Креирање стратегии и други стратешки документи

## Начини на делување

- Механизми на соработка
- Воспоставување ефикасен и ефективен систем за постигнување еднакви можности
- Економско зајакнување
- Институционални механизми
- Координатори за еднакви можности
- Здруженија на лица експерти
- Фокус-групи
- Ресурси во буџетот
- Истражување и обуки
- Финансиски и човечки ресурси
- Подигање на свеста за еднакви можности
- Сеопфатни политики за еднаквост и активности за решавање на потребите на жените и мажите
- Зајакнување на женското движење и легитимитет
- Развивање и одржување односи со регионални тела кои работат на еднаквост на жените и мажите
- Предлози до советот
- Соработка со невладини организации
- Анализи и оценки за ефикасноста на комисијата

## Активности

Сите активности што ќе ги претстави комисијата ги објаснуваат областите и формите на делување.

## Родово буџетирање

Во рамките на своите надлежности, единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите планови и родово буџетирање да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите.

- Воспоставување механизми за соработка
- Мониторнг
- Зголемено учество на комисијата во локалниот акционен план за 2024 година.

## Активности

1) Организирање јавни настани/трибини
2) Семинари
3)Поголема вклученост на жените во политичкиот и јавниот живот на локално ниво
4)Организирање настани од хуманитарен карактер
5)Локален економски развој преку едуцирање на целни групи
6)Јавни дебати и трибини на граѓани
7)Организирање воннаставни активности за деца со попречености
8)Подобрување на условите за настава

## Резултати

Комисијата ќе овозможи преку разни активности да се делува на сите нивоа и разни области кај жените и останатите целни групи. Припадниците од овие целни групи ќе бидат вклучени во сите политички, образовни, економски и социјални сфери на локално ниво.

## Забелешки

Активностите ќе бидат ставени јавно на веб-страницата на Општина Прилеп.

Учесниците на целните групи ќе бидат информирани за тајмингот на сите планирани активности.

**Напомена:**

Програмата ќе биде доставена до сите членови на Комисијата за еднакви можности, со цел да им се даде можност за сугестии со кои истата ќе ја унапредат и прошират.

# Акциски план за реализација на програма за еднакви можности на Општина Прилеп за 2024

| Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Финансиски ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Активност/настан за поддршка на лица со дијабет | Комисијата во соработка со здружение на дијабетичари | Целодневна активност | Поддршка и помош на лица со дијабет | |
| Работилница | Комисијата во соработка со детските градинки | "Сите сме исти" | Едукација на родители за спречување дискриминација врз децата | |
| Промотивен ден за можности за вработување | Комисијата во соработка со локални компании | Саем (хепенинг) | Можности и критериуми за вработување | |
| Едукација | Комисијата во соработка со сите ОУ од нашата општина | Женски болести | Зголемување на свеста за грижа на сопственото здравје | |
| Семинар и еднодневна работилница | Комисијата во соработка со НДИ Национален Демократски институт | Едукација на сите членови на совет | Како да ја исполниме нашата функција? Како да одговориме подобро на потребите на граѓаните? | |
| Женско претприемништво | Комисијата во соработка со Жени претприемачи | Размена на искуства | Поттикнување на поголемо вклучување на жените во бизнисот | |
| Кампања против зависности | Комисијата во соработка со МВР и други стручни лица | Едукација во сите СОУ во нашата општина | Подигнување на свеста за последици од зависности | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трибина | Комисијата во соработка со здружение Агро Лидер и СОУ Орде Чопела | Настан по повод денот на руралната жена | Поддршка на руралната жена | |
| Едукација за машки болести | Комисијата во соработка со стручни лица/експерти | Едукација за навремени прегледи | Последици од занемарување на редовни медицински контроли | |
| Кампања за елиминација на насилство врз жените | Комисијата | Активност за поддршка на жените | Елиминација на насилство врз жените | |
| Трибина | Комисијата во соработка со жени политичарки | Значење на жената во политиката | Поттикнување на жените да се вклучат во политика | |
| Медиумска писменост за унапредување на жената во општеството | Комисијата во соработка со локални медиуми | Работилници,едукативни медиумски аудио/видео емисии,виоде поткасти | Стекнување на медиумска писменост | |
| Едукација | Комисијата во соработка со ОУ од нашата општина | Грижа за сопственото здравје преку здрава исхрана | Поттикнување на децата здрав начин на живот | |
| Работилница | Комисијата | Еднакви можности за лица со попречености | Еднаков третман на сите лица и остварувања на еднкави права | |
| Настан | Комисијата во соработка со сите ОУ и СОУ во нашата општина | Врсничко насилство кај млади онлајн/офлајн | Едукација на млади луѓе | |
| Работилница | Комисијата | Спроведување процеси за креирање на еднакви политика за | Јакнење на капацитетите на општинска администрација | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | жените и мажите | | |
| Работилница | Комисијата | Зајакнување на локалните комисии и стекнување вештини и знаења | Подобра комуникација со јавноста | |
| Едукација | Комисијата | Основи на комуникација со медиуми | Критичко размислување и дигитална писменост | |
| Соработка | Комисијата во соработка со останатите општини | Размена на информации | Заеднички активности | |
| | | | | |
| Други активности | | | | |

**Напомена: Сите активности кои што се предвидени во програмата на комисијата за 2024 година ќе бидат реализирани од вкупниот буџет што е предвиден за оваа комисија.**

Оваа Програма влегува во сила денот на објавување во „Сл.гласник на општина Прилеп“.

Број 09-635/21
13.02.2024 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Дејан Проданоски